# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА И ИМЕНУВАНИОТ СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИТЕ ЗА 2023 ГОДИНА

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**бр. 14-2063/1**
**25.12.2023 год.**
**Гевгелија**

## I. Вовед:

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики, службениците за млади подготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делоккругот на младите кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб-страниците на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Во Извештајот, наративно се опишани и даден е табеларен приказ на активностите на Општина Гевгелија во врска со младинските политики и обезбедување механизми за младинско учество на локално ниво.

## II. Главен дел:

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младиснки политки („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020, службеникот за млади во Општина Гевгелија подготви:

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите за 2023 година

### АКТИВНОСТИ:

### 1. СТИПЕНДИИ ЗА СТУДЕНТИ

- Согласно донесената Одлука на Совет на Општина Гевгелија за доделување 10 стипендии на студенти- жители на Општина Гевгелија за академската 2022/2023 година бр. 09-2195/1 од 28.10.2022 година, а избрани по пат на Јавен конкурс бр. 14-2233/5 од 21.11.2022 година, Општина Гевгелија стипендира 9 студенти, запишани во прва година на Медицинските, Машинските и Електротехничките факултети во државата. 4 корисници на стипендии се машки, запишани на Машински факултет и 3 женски и 2 машки запишани на Медицински факултет. Износот на стипендија по студент изнесува 6.000,00 денари месечно, и се доделува десет месеци во текот на студиската 2022/2023 година (од септември, 2022 година, до јуни, 2023 година), врз основа на случен договор помеѓу Општина Гевгелија и корисниците.

### 2. УСВОЕНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ ЗА 2023 Г.

Советот на Општина Гевгелија, на 22. седница, одржана на 30 јануари 2023 година, ја усвои Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, бр. 09-173/1, во чијашто техничка подготовка учествуваше и службеникот за млади во општина Гевгелија. Програмата, согласно Законот за еднакви можности нажените и мажите, е родово-сензитивна и истата е објавена на официјалната веб-страна на Општина Гевгелија.

### 3. ДОСТАВА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ ЗА 2022 Г.

Согласно одредбите од Законот за младинско учество и младински политики, службеникот за млади во Општина Гевгелија го изработи и на 31 јануари 2023 година го достави во електронска форма до Агенција за млади и спорт Извештајот за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија во 2023 година, бр. 08-108/1 од 18.01.2023 година. Истиот е достапен на официјалните веб-страни на Општина Гевгелија и Агенција за млади и спорт.

### 4. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И АКТИВНОСТИ НА НВО- СЕКТОР

- Преку Програмите за 2023 година за културни и спортски активности и поддршка на активностите на НВО-секторот во општина Гевгелија, донесени со Одлуки на Совет на Општина Гевгелија бр. 09-271/1 од 13.02.2023, бр. 09-298/1 од 13.02.2023 и бр. 09-300/1 од 13.02.2023 година, Општина Гевгелија финансираше физички и правни лица, односно програмски активности на млади и организации коишто работат со млади.

### 5. ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ И ЛОКАЛНО МЛАДИНСКО СОБРАНИЕ

- Во текот на 2023 година, согласно законските прописи (Закон за младинско учество и младински политики), службеникот за млади во Општина Гевгелија, именуван Петар Јанчев, помлад соработник за соработка со корисници на јавни услуги во Одделението за социјална здравствена, социјална, детска и друга заштита, култура и спорт ја координираше работата на Локалното собрание за млади и Локалнот младински совет на Општина Гевгелија. Учествуваше во подготовката на материјалите за одржување на седници и присуствуваше на истите.

Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија во текот на 2023 година има одржано 2 седници.

Локалниот младински совет на Општина Гевгелија во текот на 2023 година има одржано 3 седници.

### 6. БАРАЊА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

- До службеникот за млади во Општина Гевгелија од страна на офицерот за заштита на лични податоци во Општина Гевгелија се проследени на одговор 6 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, на коишто одговорил уредно:

- Барање бр. 18-322/1 од 14.02.2023 година;
- Барање бр. 18-323/1 од 14.02.2023 година;
- Барање бр. 18-383/1 од 27.02.2023 година;
- Барање бр. 18-693/1 од 13.04.2023 година;
- Барање бр. 18-1691/1 од 24.10.2023 година.

### 7. РАБОТИЛНИЦА ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ЖЕНАТА

- Во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, Локалниот младински совет во соработка со Локалното собрание на млади и Средношколската заедница организираа Работилница за Денот на жената, којашто се одржа на 9 март. На работилницата присуствуваше и службеникот за млади кој ја помогна и придонесе во реализацијата на активностите- дискусија на тема: „Правата на жените низ историјата и денес", кои беа потикнати од годинашното мото за Интернационалниот ден на жената: „Да ја прифатиме еднаквоста". Работилницата опфати и креативни активности- изработка на осмомартовски картички, коишто учениците им ги поделија на професорките и на нивните најблиски од понежниот пол.

## 8. ЛОКАЛНА ДИСКУСИЈА ЗА НАЦРТ- НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

- Службеникот за млади во Општина Гевгелија, на покана од Агенцијата за млади и спорт, учествуваше на локалната дискусија за Националната стратегија за млади 2023-2027 година, којашто се одржа на 10 март 2023 година, во Дом на АРМ во Струмица. Службеникот за млади активно учествуваше по дискусијата за првата нацрт-верзија, како дел од втората фаза од консултативниот процес при креирање на новата Национална стратегија за млади, кои ја спроведоа АМС со своите партнери ОН-УНДП, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондот за население на ОН- УНФПА.

## 9. ПРАШАЛНИК НА U-REPORTER ЗА КРЕИРАЊЕ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Од страна на службеникот за млади во АМС, до службеникот за млади во Општина Гевгелија на 14 март по е-маил беше доставено известување за прашалник со предложени мерки и активности од Нацрт- верзијата на Националната стратегија за млади за мислење и предлози којштото спроведе УНИЦЕФ преку е-алатката U-Reporter. Службеникот за млади во Општина Гевгелија го препрати известувањето до членовите на Локалниот младински совет и Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија за одговарање на прашалникот.

## 10. УЧЕСТВО ВО ФОКУС- ГРУПА ЗА УПАТСТВО ЗА НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ ВО ПРОЦЕСИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

На покана од Македонското здружение на млади правници, на 29 март 2023 година, преку е-алатката Zoom, службеникот за млади во Општина Гевгелија учествуваше во фокус- група за финализирање на Упатството за најдобри практики за активно вклучување на младите активисти и младински организации во процесите за заштита на животна средина на локално ниво, во рамки на Проектот: „Младински активизам за позелени општини", поддржан од ЕУ.

## 11. СКЛУЧЕН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА СОЦИЈАЛНО МАПИРАЊЕ

- На 3 мај 2023 година, Општина Гевгелија склучи Меморандум за соработка бр. 03-770/1 со Фондација „Ице Бегов"- Скопје, Фондација „Аполонија"- Гевгелија, Здружение „Национална алијанса за лица со посебни потреби"- Гевгелија, Заедница на инвалидски организации- Гевгелија и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија за реализација на Проект: „Мапирање на потребите на лицата со попреченост над 15 години и изработка на локална стратегија за развој и подобрување на активната вклученост и квалитетот на лицата со попреченост во општина Гевгелија". Во тимот за имплементација на Проектот е вклучен и службеникот за

млади во Општина Гевгелија, кој по следњето на Обуката организирана од ЗЕЛС и ГИЗ: „Социјално мапирање и креирање политки засновани на доказ“ (НАЛАС Академија, 20 – 27 јуни 2023 година), учествуваше во изработката на анкетниот прашалник за мапирање и присуствуваше на сите состаноци.

### 12. УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТ „ВРСНИЧКИ ФОРУМ ТЕАТАР ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТАТА“

- На покана од ЗГ „Од станица до граница“- Гевгелија и ЗГ „Рубикон“- Скопје, коишто го имплементираа Проектот: „Врснички форум театар против насилство во училиштата“ во рамки на Регионалната програма за локална демократија на Западен Балкан 2 (ReLOaD2), спроведувана од УНДП и Општина Гевгелија, службеникот за млади во Општина Гевгелија присуствуваше на последната работилница во рамки на Проектот, којашто се одржа на 5 мај 2023 година, во Медијатеката на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија. Работилницата беше наменета за наставници, директори, образовни стручни соработници и претставници на општинската администрација, ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија.

Имено, на оваа завршна работилница се мапираа слабите и силните страни на општеството (од институции до медиуми), за што низ презентација на учесниците беше истакната потребата за зајакнување на постоечките капацитети, но и можноста за создавање нови ресурси кои ќе помогнат во превенцијата и сузбивањето на врсничко насилство во училиштата пред конфликтот да премине во насилство. Исто така, беа истакнати и бенефитите од спроведениот проект, преку којшто во период од девет месеци, Здруженијата „Од станица до граница“- Гевгелија и „Рубикон“- Скопје реализираа проектни активности со четирите основни училишта и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, наставниците, образовните стручни соработници, учениците и претставници на надлежните органи преку обучувачки работилници, ликовен и книжевен конкурс и форум-театарска претстава, се со цел третирање на проблемот со врсничкото насилство во училиштата и постапувањето при такви случаи.

### 13. АНКЕТА ЗА ЗМУМП ОД ВДФ

- Во текот на мај 2023 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија беше телефонски анкетиран во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политки за потребите при процесот на подготовка на Студија: „Финансирање на младинските политики“ од Фондацијата за демократија на Весминстер (ВДФ).

### 14. КОФИНАСИРАЊЕ НА ПРОЕКТ: „ЕДНАКВИ ПРАВА ЗА СИТЕ“

За периодот 2023/2024 година, Општина Гевгелија преку ReLOaD 2 Програмата го кофинансира Проектот на Здружението на граѓани „Поддршка“ од Гевгелија: „Еднакви права за сите“ со цел подигање на јавната свест, препознавање и соодветен одговор и третман на родово-базираната дискриминација во општина Гевгелија. Сумата којашто ја издвојува Општина Гевгелија за реализација на проектот е 122.880,00 денари, односно 20% од одобрените 614.820,00 денари по објавените резултати од Јавниот повик за финансирање на предлог-проекти.

Проектот, којшто се имплементира во периодот 1 јуни 2023 г. - 31 мај 2024 година, е со цел да се подигне јавната свест, препознавање и соодветен одговор и третман на родово-базираната дискриминација во општина Гевгелија, од причини што бројот на пријавени случаи на семејно насилство во институциите расте и родовото базирано насилство е секојдневие како во светот, така и во нашата земја. Во таа

насока, се организираат работилници, на кои покрај претставниците од релевантните институции, Здружението работи и со младата популација на возраст од 15 до 18 години заради запознавање на законската регулатива, препознавање и превенција на секаков вид насилство на дискриминација, како и развивање механизми за заштита на младите во училишната средина и надвор од неа. Во Проектот, се опфатени и лицата со посебни потреби.

### 15. ВИДЕО-СТОРИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗМУМП

- На покана од Регионалниот центар за одржлив развој- Гевгелија, службеникот за млади во Општина Гевгелија беше анкетиран преку видео-запис за имплентацијата на Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво во рамки на Проектот: „Поттикнување на граѓанскиот ангажман на локално владеење“, кој го имплементираа Институтот РЕСИС од Скопје и Фондација за локален развој на заедницата од Штип во соработка со РЦОР- Гевгелија, финансиран од Националниот фонд за демократија од САД. Како би се поттикнале граѓаните да се ангажираат учествувајќи во јавата сфера за да се развие свеста за влијанието врз јавните политки на локално и нацонално ниво.

Сторијата се снимаше на 16 јуни, 2023 година, во просториите на РЦОР-Гевгелија.

### 16. ОДЛУКА НА СОВЕТ ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТ: „ИНОВАТИВЕН ТРЕНИНГ HUB- ВЕШТИНИ НА ИДНИНАТА

Советот на Општина Гевгелија на 28. седница, којашто се одржа на 29 јуни, донесе Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во висина од 9.490 евра во денарска противредност за реализација на Проект: „Иновативен тренинг HUB-вештини на иднината“, со којшто СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија аплицираше на Јавниот повик на Регионалниот фонд. Имено, Проектот на СОУ „Јосиф Јосифовски“„Иновативен тренинг HUB - вештини на иднината“, е одобрен за финансирање од Вториот повик на RCF (Regional Challenge Fund) - Регионалниот фонд за предизвици. За целосно уредување на Иновативниот центар и бројните активности за оспособување на стручните кадри во овој средноучилишен центар се доделени 507.000 евра. СОУ „Јосиф Јосифовски“ е едно од четирите средни училишта и два факултета на национално ниво што успеа да добијат грант од вкупно 123 апликации од 6 држави од Западен Балкан на Повикот на RCF, чија цел е да ја зајакне релевантноста на пазарот на трудот на стручното образование и обука преку фондови. Грантот ќе биде искористен за модерен, еколошки, енергетско одржлив тренинг центар- HUB.

Предвидена е доградба и адаптација на пристапна и соодветно опремена работилница за пракса на автомеханичари и машински техничари за моторни возила. Но, и опрема на канцеларии за пракса на ученици од економската струка, инсталација на фотоволтаични панели за потребите на тренинг-центарот, автомобилска тренинг-опрема за практична настава, набавка на електрично едукативно тренинг-возило, дигалка за возила, балансери, авто тренинг-табли, компјутерски контролен систем за електрично возило, тренинг-опрема за хибридни батерии, дијагностика, осцилоскопи, анализа на издувни гасови, компјутери, принтери, мебел, тренинг-софтери и инсталација на HASSP систем. Исто така, предвидена е и опрема за пракса во кујна и ресторан за ученици од угостителско-туристичката струка, обуки за наставници, ученици и ментори од партнер-компаниите во проектот.

### 17. МЛАДИНСКО ВМРЕЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ ОД ГЕВГЕЛИЈА И ВЕЛЕС

- На 6 јули 2023 година, Општина Гевгелија и Општина Велес, во рамки на Дводневниот фестивал „Младински бран“ што го организираа Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и по повод гостувањето на службеникот за млади во

Општина Велес, членови на Локалниот младински совет на Општина Велес и претставник од Младинскиот центар во Велес, потпишаа Меморандум за соработка помеѓу Локалните младински совети бр. 03-1150/1 со цел младинското вмрежување, унапредувајќи го своето делување во областа на младите.

### 18. КОМЕНТАРИ И ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ИЗМЕНА НА ЗМУМП ПО БАРАЊЕ НА КМПМП

- По барање на Клубот за младински прашања и младински политики при Собранието на РСМ, коишто иницираа постапка за измени и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики со цел негова подобра и поефикасна примена, на 14 јули 2023 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија ги достави во електронска форма своите забелешки и коментари по однос на Законот.

### 19. БАРАЊЕ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ПРОСТОРИЈА ЗА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

- На 26 јули 2023 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија поднесе барање до УО на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија бр. 08-1232/1 за носење одлука- отстапување просторија за отворање Канцеларија за млади во објектот Народен театар- Гевгелија, којшто објект е даден на времено користење на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија во период од 10 години.

### 20. НАБАВЕНА КАНЦЕЛАРИСКА И ИТ- ОПРЕМА

За опремување на Канцеларијата за млади, Општина Гевгелија набави канцелариски мебел и опрема и ИТ- опрема. Набавени се две работни маси, ормар, столови, лаптоп и принтер, како и останати потребни материјали за профункционирање на истата.

### 21. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЛАДИНСКИ СОСТОЈБИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ“

- На 10 август 2023 година, во хотел „Мериот“- Скопје, службеникот за млади во Општина Гевгелија учествуваше на Конференцијата: „Младински состојби и финансирање на младинските политики во Северна Македонија“, на покана од Фондацијата за демократија на Весминстер (ВДФ) и Агенција за млади и спорт. На конференцијата, одржана по повод Денот на Младите, беа промовирани наодите од две анализи на коишто ВДФ работеше: „Младите и пописот на населението“ и „Финансирање на младинските политики“. Во отворената дискусија за младински прашања и актуелните младински политики, службеникот за млади активно учествуваше со коментари по отворената дискусија.

### 22. ПОСЕТА НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР- ВЕЛЕС

- Службеникот за млади во Општина Гевгелија заедно со претстедателот на Локален младински совет на ОГ, на 10 август 2023 година, оствари работна средба во Младинскиот центар- Велес со службеникот за млади во Општина Велес и

младинскиот работник во Младинскиот центар, на којашто стана збор за понатамошната соработка помеѓу двете општини преку Локалните младински совети.

### 23. КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА АМС ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЕКТ

- Врз основа на иницијативата за АМС за вклучување на Општина Гевгелија во нивниот Проект за поддршка на младинското учество во животната средна и климатските промени на локално ниво, а финансиран од УНИЦЕФ, службеникот на млади во Општина Гевгелија на 6 септември 2023 година во просториите на АМС, присуствуваше на координативен состанок со претставници на АСМ во врска со имплементацијата на Проектот. За што, Општина Гевгелија склучи Меморандум за соработка со АМС бр. 03-1493/1 од 14 септември 2023 година.

### 24. УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЕКОЛОШКА ДЕМОКРАТИЈА

- Како дел од активностите регулирани со Меморандумот за соработка, службеникот за млади во Општина Гевгелија учествуваше на Работилница (обука), организирана од АМС, за еколошка демократија и учење на правните алатки на располагање за заштита и подобрување на животната средина на локално ниво, којашто се одржа во периодот од 15 до 17 септември 2023 година, во хотел „Десарет“- Охрид, а ја спроведе Здружението за одржлив развој „Милиеуконтакт Македонија“- Скопје.

На тридневната обука, службеникот за млади имаше можност да се запознае со фактите, законодавството и нашата земја во областа на животната средина, надлежностите на локално ниво, да стекне повеќе знаења за климатските промени, пристапот до информации од јавен карактер и учеството на јавност во процеси на донесување на одлуки и пристап до правда. Како и одговараше на работните задачи, односно направи SWOT анализа за учеството на младите во процеси на донесување одлуки и планирање на локално ниво поврзани со животната средина.

### 25. ПОДДРШКА НА ПРЕДЛОГ- ПРОЕКТИ ВО РАМКИ НА РЕЛОАД 2 КОИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА МЛАДИ

- Општина Гевгелија, на 7, 18 и на 20 септември 2023 година, на барања од ЗГ Театар „Боеми“- Скопје, ЗГ „Стела Мрежа“- Скопје и Здружение „Отворени забавни школи“ им даде поддршка (бр. 08-1461/2, бр. 08-1501/2 и бр. 08-1517/2) на нивните предлог-проекти за аплицирање на Јавниот повик за поднесување предлог-проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) и доколку им бидат одобрени- за реализација во општина Гевгелија во 2023/2024 година. Проектите се однесуваат на младите, односно: „Преку театар и музика во локалната заедница до заедничка европска иднина на младите од Западен Балкан“ во соработка со партнерите „Чувари Осмјеха“ од БиХ и „ЦЕКОМ“- Србија, „Вмрежување на младите: Поттикнување младо лидерство преку мултимедија и раскажување приказни“ во соработка со Здружението „Труактив“ од Косово и „Волонтерство преку спорт за младинска иднина“ во соработка со Црна Гора и БиХ.

### 26. УЧЕСТВО ВО ФОКУС- ГРУПА СО МЛАДИ ОРГАНИЗИРАНА ОД СЕГА

- На покана од Здружение Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија, службеникот за млади учествуваше во Фокус- група со млади, граѓански организации и

донесувачи на одлуки, којашто се одржа на 22 септември 2023 година, во просториите на РЦОР- Гевгелија, а како активност во рамки на Проектот: „Граѓанско општество во унапредување на регулативата за млади", спроведуван од Коалиција за младински организации СЕГА во соработка со РЦОР- Гевгелија и поддржан од Регионалниот проект СМАРТ Балкан- Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан. Се дискутираше за предизвиците од примената на Законот за младинско учество и младински политики и идеи за унапредување на суштинското вклучување на младите во процесот на донесување одлуки.

## 27. БЕСПЛАТЕН ЧАС ПО ЈОГА- ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА СПОРТОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Општина Гевгелија ја прифати иницијативата за соработка со Europe House од Струмица за одбележување на Европската недела на спортот (23-30 септември) и во Гевгелија. Од страна на Europe House Струмица беше доставено барање бр. 14-1566/1 од 28.09.2023 година до службеникот за млади за одржување бесплатен час „BeActive – Вежбаме јога заедно" и обезбедување просторија за одржување на настанот.

Службеникот за млади во Општина Гевгелија ги презеде сите активности за одржување на часот, којашто активност, во соработка со Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, се реализираше на 30 септември 2023 година, во просториите на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито"- Гевгелија.

## 28. ПРАШАЛНИК ЗА ИНТЕРВЈУ СО СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

- До службеникот за млади во Општина Гевгелија, на 3 октомври 2023 година, од страна на РЦОР- Гевгелија беше доставен Прашалник за интервјуа со претставници на локалната самоуправа, подготвен од Коалиција за младински организации СЕГА. 40. прашања се однесуваа во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политки на локално ниво, а одговорениот прашалник од страна на службеникот за млади беше уредно доставен на 5 октомври.

## 29. НАСТАН ЗА ДЕТЕКТИРАЊЕ ЕКО- ПРОБЛЕМИ

- Службеникот за млади успешно го организираше првиот настан- за детектирање еко-проблеми во општина Гевгелија, во рамки на Проектот на АМС за поддршка на младинското учество во животната средина и климатските промени на локално ниво. Форумот се одржа на 9 октомври 2023 година, во Малата сала на Народниот театар- Гевгелија, на кој покрај претставниците на Локалното младинско собрание и Локалниот младински совет, беа поканети, присуствуваа и учествуваа во дискусиите и други млади кои членуваат во младински организации, членови на Советот на Општина Гевгелија, претставници на граѓанскиот сектор којшто делува во областа на животната средина, како и претставници на институциите надлежни за животната средина- општинска администрација и Државниот инспекторат за ЖС. Од страна на младите беше истакнато дека најголемиот проблем е свесноста кај граѓаните за загадување на животната средина преку несовесното депонирање на отпадот на одредени локации во општината, недостатокот од зелени површини и нивно мапирање и одржување на одводните канали во населените места.

## 30. ИНФО-ДЕН ЗА ЕРАЗМУС+ ПРОГРАМАТА

Во рамки на ЕРАЗМУС деновите (9-14 октомври), во организација на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, на 14 октомври 2023 година, се одржа Инфо-

ден со млади „ЕРАЗМУС ден Гевгелија: Пасош до можности“ во Народниот театар-Гевгелија. Имено, присутните од страна на волонтер во Европски солидарен корпус беа запознаени со Програмата преку искуства и практики на нејзини корисници, соможностите за градење пријателства, откривањето нови култури и што е најважно бројните можности за учење. Преку Младинскиот совет на Општина Гевгелија, и Гевгелија се придружи во славењето на ЕРАЗМУС деновите и нивното 7. издание, со што се регистрираше на европскиот портал erasmusday.eu и беше означена на светската мапа на држави, каде во градовите се организираат активности по тој повод, со цел вклучување на младите во Програмата преку образовни установи, организации за млади, претпријатија, локални и регионални тела и невладини организации, институции, тела или групи кои работат во областа на образование, обука и млади.

### 31. МЛАДИНСКА РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ: „ИНОВАЦИИ, РАЗВОЈ И ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР- IDEAS“

Во Дојран, на 12, 13 и 14 октомври, се одржа тридневна работилница, на која младите од регионот работеа на теми за стратешки и финансиски менаџмент, управување со ресурси и мониторинг, активност која е дел од Проектот: „Иновации, развој и вработување во земјоделскиот сектор“- „IDEAS“. Учењето како да се користи Бизнис модел „Канвас“ им обезбеди на младите претприемачи вовед во еден креативен процес од собирање и вреднување на информации до анализа и тестирање. На крај, сите учесници кои успешно ја поминаа обуката добија сертификат за учество. Проектот „IDEAS“ се имплементира од Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии при Општина Гевгелија, во партнерство со Мрежата за рурален развој и Американското земјоделско училиште од Солун, Грција, а во рамки на INTERREG-IPA CBC програмата за прекугранична соработка со Грција. Проектот треба да придонесе за решавање на дел од многуте прашања во земјоделскиот сектор во општина Гевгелија и регионот, преку промовирање на претприемништвото за млади образовани кадри, со цел создавање нови одржливи агро-бизниси. Главна цел на проектот е идентификување и поддршка на нови деловни активности во земјоделско - прехранбениот сектор, кои имаат иновативен потенцијал и кои можат да станат мултипликатори на компаративните предностите на регионот. Проектот, исто така, треба да понуди решенија на идентификуваните предизвици преку промовирање на претприемништвото за млади високообразовни кадри со цел тие да создадат нови одржливи агро - бизниси.

### 32. ОБЈАВЕНИ КОНКУРСИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ ЗА 2024

- Општина Гевгелија, на 19 октомври 2023 година, ги објави Конкурсите за финансиска поддршка на проекти од областа на културата и спортот за 2024 година.

### 33. РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ И КОНСТРУКТИВНИ НАРАТИВИ НА ЛОКАЛНО НИВО

- На покана од УНДП, службеникот за млади во Општина Гевгелија и двајца претставници на Локалниот младински совет, учествуваа на дводневната Регионалната конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво „Младински соседски дијалози: Сега за иднината“. Истата се одржа на 25 и 26 октомври, во Јавна соба, а учествуваа 50 млади локални носители на одлуки од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија и Србија. Претставниците од Општина Гевгелија активно учетвуваа во дијалозите и споделувањето знаења како да

се зајакнат меѓусебното разбирање, конструктивните наративи и почитта кон различностите.

Преку дебати и работилници, идентификуваа успешни модели и иницијативи за учество на младите во одлучувањето на локално ниво во регионот, клучни и критични теми како како младинско учество на локално ниво, младински простори, мерки за млади во општините, говор на омраза, почит кон различностите, социјална вклученост, родова еднаквост, вклучувајќи преглед на политиките и законските рамки

за младинско учество, споделување најдобри практики, јакење на капацитетите и развој на вештини, истакнување иницијативи предводени од младите и генерирање препораки за развој на политики. Конференцијата се одржа како дел од Регионалниот проект: „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", финансиран од United Nations Peacebuilding кој го имплементираат UNDP MK, UNFPA North Macedonia, UNESCO и UN Women Skopje, во координација со UN MK.

### 34. СТИПЕНДИИ ЗА СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА МЕДИЦИНСКИ, ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ И МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2023/2024 Г.

Општина Гевгелија стипендира 10 студенти од општина Гевгелија запишани во прва година на Медицинските факултети- отсек Машинските и Електротехничките факултети во академската 2023/2024 година. Советот на Општина Гевгелија, на 34 седница, одржана на 15 ноември 2023 година, донесе Одлуки за стипендирање на 5 студенти од општина Гевгелија, запишани на Медицинските факултети- отсек Општа медицина и 5 студенти од општина Гевгелија запишани на Машинските и Електротехничките факултети во државата. За таа цел, формираната Комисија за образование, култура и спорт при Советот на Општина Гевгелија распиша Јавен конкурс, а доставените пријави се разгледуваа согласно Правилник за услови, критеируми и правила за доделување стипендии. По донесената одлука, за академската 2023/2024 г., Општина Гевгелија ќе стипендира 7 студенти, од кои 6 студентки запишани на Медицинските факултети и 1 студент запишан на Машински факултет.

Висината на стипендиите ќе изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци во академската година. Средствата за стипендиите се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 и 2024 година, а ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор за стипендија.

### 35. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Врз основа на дописот од Влада на Република Северна Македонија бр. 41-5392/16 од 26 септември 2023 година- Информација за донесување Национална стратегија за млади 2023-2027 и Акциски план 2023-2025, а во врска со задолжувањето на единиците на локални самоуправи за доставување Извештај за реализирани активности од Стратегијата за тековната година до Агенција за млади и спорт, службеникот за млади во Општина Гевгелија го изработи Извештајот и на 17 ноември 2023 година го достави во писмена и електронска форма до Агенцијата за млади и спорт.

### 36. ПРВ ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Општина Гевгелија успешно ја реализира првата форумска сесија од предвидените 5, во рамките на Проектот: „Зајакнување на општинските совети- Фаза

2", којашто на 22 ноември се одржа во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија. Проектот е финансиран од Швајцарската влада - Швајцарската агенција за соработка и развој, а го имплементира и кофинансира Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП во соработка со Министерството за локална самоуправа. На првата Форумска сесија, на којашто присуствуваа и претставници на Локален младински совети и млади- членови во организации за млади, учесниците беа запознати со форумскиот процес, беше утврдена структурата на Форумот, се избра тема за работа на форумот, а се утврдија проблеми и понудија решенија од граѓаните.

Имено, работната маса Млади ги декектираа следниве три проблеми коишто се приоритетни и значајни за целата заедница: дефицит на планинарски домови, рекреативни патеки и извиднички домови поради неискористеност на капацитетите и условите што ги нуди Кожуф Планина, необележени патеки и велосипедски патеки; колективно одлагање на отпадот во домаќинствата- органски и неоргански отпад и недостаток од заштита на биодиверзитетот и флората. Додека, како решенија ги понудија: санирање на објектот во Смрдлива Вода, селекција на отпад-формирање центри за селекција на органскиот од неорганскиот пред зградите и компостирање на отпадот со мобилни компостери.

## 37. ОБЈАВЕН КОНКУРС ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА НВО- СЕКТОРОТ ЗА 2024 ГОДИНА

Општина Гевгелија, на 24 ноември 2023 година, ги објави Конкурсите за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности и за финансиска поддршка на Програмите на Месните заедници во општина Гевгелија за организирање културни активности во 2024 година.

## 38. ИНФОРМАТИВЕН-ЕДУКАТИВЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

Општина Гевгелија во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија, Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Гевгелија ја спроведе првата активност во рамки на 16-дневниот активизам за борба против насилство врз жените. На 27 ноември, на Градскиот плоштад, на различни возрасни групи жени и мажи, меѓу кои и младите им беа поделени информативно-едукативни картички со цел подигање на свеста, препознавање и пријавување на родово базирано насилство.

## 39. ВТОР ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Општина Гевгелија успешно го организираше и вториот Форум во заедницата. На оваа форумска сесија, имаше презентација на концептите коишто ќе се развиваат во проекти за заштита на животната средина. Имено, во угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, на 4 декември 2023 година, од страна на работни групи коишто се формираа на првиот форум, а во нив членуваат и млади, беа презентирани 5 концепти: „Обезбедување услови за безбедно движење во сообраќајот за велосипедисти и лица со телесен недостаток преку едукација и изградба на потребна инфраструктура", „Уредување на парк и реконструкција на објектот во сопственост на Општина Гевгелија во Смрдлива Вода", „Изградба на спортско-рекреативен парк и уредување на веќе постоечките паркови во Гевгелија", „Селекција и рециклирање отпад" и „Собирен центар за употреблив отпад од домаќинствата". На втората форумска сесија, од коментарите на младите произлезе и нов предлог за

решение и концепт, односно да се развива и предлог-проект – за поставување фотоволтаици на училишните објекти на подрачјето на општина Гевгелија.

### 40. АПЛИЦИРАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС ОД ЛМС ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМА ЗА ТЕХНИЧКА И МЕНТОРСКА ПОДДРШКА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

На објавениот Јавен повик од Здружението на млади правници, Локалниот младински совет преку службеникот за млади во Општина Гевгелија, на 6 декември 2023 година, со апликација во електронска форма изрази интерес за учество во Програма за техничка и менторска поддршка за младинско учество и креирање политики за заштита на животна средина на локално ниво.

### 41. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НАЦРТ-ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СМАРТ КЛУПИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, ОДБРАН ОД СТРАНА НА МЛАДИТЕ

Општина Гевгелија преку службеникот за млади го реализираше вториот настан во рамки на Проектот на Агенцијата за млади и спорт за младинското учество и вклучувањето на младите во донесувањето одлуки на локално ниво во областа на животната средина и климатските промени, поддржан од УНИЦЕФ, којшто се одржа на 7 декември 2023 година, во Малата сала на Народниот театар- Гевгелија. Имено, по изборот на еко-решение, од страна на стручен експерт беше презентирано идејното решение на предлог-проектот за поставување паметни смарт-клупи на подрачјето на општина Гевгелија, којшто Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и младите членови во младинските организации го избраа како приоритетен за реализација од страна на локалната самоуправа.

На настанот, покрај претставниците на АМС и УНИЦЕФ, присуствуваа: членови на Советот на Општина Гевгелија, членови на Локалниот младински совет и Локалното младинско собрание на Општина Гевгелија, претставници на локалната самоуправа, институции надлежни за животната средина и НВО-секторот, коишто имаа можност да дадат забелешки и дополнувања на нацрт-проектот. По неговата доработка, проектот беше предаден на градоначалникот на општина Гевгелија за негова реализација во 2024 година.

### 42. РАБОТИЛНИЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНТЕГРАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

На 12 декември 2023 г., во угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Општина Гевгелија, во соработка со СЕГ Холдинг, ја одржа Работилницата за изработка на Интегрален локален развоен план, на којашто, покрај претставници на општинската администрација, учествуваа и претставници на Локален младински совет на ОГ, граѓани и млади од НВО и Бизнис-секторот, како и претставници на локалните институции.

На оваа работилница, младите заедно со службеникот за млади и останатите учествуваа во правењето SWOT анализа, односно индентификуваа предности, слабости, можности и ризици во повеќе области за коишто е надлежна локалната самоуправа и дефинираа визија, мисија и стратешки цели коишто ќе бидат опфатени во Интегралниот локален развоен план на Општина Гевгелија со период на важност 2024-2027 година заедно со потенцијалните проекти врз основа на буџетските

развојни потпрограми за 2024 година, отсликувајќи ги среднорочните потреби на граѓаните на општина Гевгелија.

Оваа активност се спроведе во рамки на Програмата „Зајакнување на општинските совети“, финансирана од Швајцарската влада и Министерство за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува UNDP МК во соработка со национални и локални партнери.

**43. ОДОБРЕНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ТЕХНИЧКА И МЕНТОРСКА ПОДДРШКА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Службеникот за млади и членовите на Локален младински совет на Општина Гевгелија ќе бидат вклучени во Програма за техничка и менторска поддршка за младинско учество и креирање политики за животна средина на локално ниво, по известувањето од страна на Македонското здружение на млади правници од 18 декември за успешното аплицирање на Јавниот повик. Имено, Програмата се спроведува во рамки на Проектот: „Младински активизам за позелени општини“, финансиски поддржан од Европската Унија со договор бр. IPA/2021/430-653 во рамки на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2020- Support to civic youth initiatives, activism and volunteering in local communities, имплементиран од Македонското здружение на млади правници, Здружението за одржлив развој и заштита на животната средина ГОУ ГРИН, Центарот за климатски промени и Здружението на млади Креактив.

**44. НОВОГОДИШЕН БАЗАР**

Општина Гевгелија, во периодот од 20 до 31 декември 2023 година, организираше Новогодишен базар, на којшто младинските организации учествуваа со забавни содржини. Имено, Базарот го отворија Локалниот младински совет и Локалното собрание на млади со промотивни материјали за претставување на телата и доближување на нивната работа до младите гевгеличани, како и собираа податоци за нивните желби коишто сакаат да им бидат исполнети во 2024 година.

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АКТИВНОСТИ**

| **бр.** | **Активност** | **Партнери/ соработници / засегната страна** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Стипендии за студетни | Општина Гевгелија, Совет на Општина Гевгелија | 2022 - 2023 г. |
| 2. | Програма за работа на ЛМС за 2023 година | службеник за млади, ЛМС, градоначалник | донесена на 30 јануари, 2023. Реализација јануари- декември 2023 г. |
| 3. | Достава на Извештај за работа на Локален младински совет | службеник за млади, Агенција за млади и спорт | 31 јануари 2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Финансиска поддршка на културни и спортксиски и активности на НВО-сектор | Општина Гевгелија, физички и правни лица, млади и коишто работат со млади | јануари - декември 2023 г. |
| 5. | Седници на ЛМС и ЛСМ на ОГ | службеник за млади, ЛМС, ЛМС | јануари- декември 2023 г. |
| 6. | Одговорени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер | службеник за млади, физички и правни лица | јануари- декември 2023 г. |
| 7. | Работилница по повод Денот на жената | ЛСМ, ЛМС, Средношколска заедница | 9 март 2023 г. |
| 8. | Учество на локална дискусија за нацрт- Национална стратегија за млади 2023-2027 | Општина Гевгелија, АМС, ОН- УНДП, ОБСЕ И ОН-УНФПА | 10 март 2023 г. |
| 9. | Прашалник на U-REPORTER за креирање Национална стратегија за млади | службеник за млади, ЛМС, ЛСМ, УНИЦЕФ | 14 март 2023 г. |
| 10. | Учество во фокус-група за упатство за најдобри практики во процеси за заштита на животна средина на локално ниво | службеник за млади, Македонско здружение на млади правници | 29 март 2023 г. |
| 11. | Склучен Меморандум за соработка за социјално мапирање на потребите на лицата со попреченост над 15 години. | Општина Гевгелија, Фондаци и НВО, ЈУМЦСР- Гевгелија | 3 мај 2023 г. |
| 12. | Врснички форум театар против насилство во училиштата | Општина Гевгелија, СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, ЗГ „Од станица до граница“- Гевгелија и „Рубикон“- Скопје, УНДП | јуни 2022 – јуни 2023 г. |
| 13. | Анкета за ЗМУМП од ВДФ | службеник за млади, ВДФ | мај 2023 г. |
| 14. | Финансиска поддршка на Проектот: „Еднакви права за сите“ | Општина Гевгелија, ЗГ „Поддршка“- Гевгелија, УНДП | 1 јуни 2023 - 31 мај 2024 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. | Видео-сторија за имплементација на ЗМУМП | Општина Гевгелија, РЦОР- Гевгелија, Инситут „Ресис“- Скопје и Фондација за локален развој на заедницата- Штип | 16 јуни 2023 г. |
| 16. | Одлука на Совет на Општина Гевгелија за сопствено учество во Проект: „Иновативен тренинг HUB- вештини“ за СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | Совет на Општина Гевгелија, СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Регионален фонд за предизвици | 29 јуни 2023 г. |
| 17. | Потпишан Меморандум за соработка помеѓу ЛМСи на Општините Гевгелија и Велес- Дводневен фестивал „Младински бран“ во Гевгелија | ЛМСи на ОГ и ОВ | 6 јули 2023 г. |
| 18. | Коментари и забелешки за измена на ЗМУМП | Општина Гевгелија, Клуб за младински прашања и младински политики при Собрание на РСМ | 14 јули 2023 г. |
| 19. | Барање за отстапување просторија за Канцеларија за млади | службеник за млади, ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија | 26 јули 2023 г. |
| 20. | Набавена канцелариска и ит- опрема за Канцеларија за млади | Општина Гевгелија | јули 2023 г. |
| 21. | Учество на конференција „Младински состојби и финансирање на младинските политики“ | Општина Гевгелија, ВДФ, АМС | 10 август 2023 г. |
| 22. | Посета на Младински центар- Велес | службеник за млади, претседател на ЛМС на ОГ | 10 август 2023 г. |
| 23. | Координативен состанок со претставници на АМС за вклучување во Проект<br><br>Потпишан Меморандум за соработка со АМС | Општина Гевгелија, Општина Велес, Општина Берово, АМС, УНИЦЕФ | 6 септември 2023 г.<br><br>14 септември 2023 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24. | Учество на работилница за еколошка демократија | Општина Гевгелија, Општина Велес, Општина Берово, АМС, УНИЦЕФ | 15- 17 септември 2023 г. |
| 25. | Поддршка на предлог-проекти во рамки на РЕЛОАД 2 кои се наменети за млади | Општина Гевгелија ЗГ Театар „Боеми“- Скопје, ЗГ „Стела Мрежа“- Скопје и ЗГ „Отворени забавни школи“ | 7, 18 и 20 септември 2023 г. |
| 26. | Учество во фокус-група со млади организирана од Коалиција СЕГА | службеник за млади, ЛМС на ОГ, РЦОР-Гевгелија, Коалиција СЕГА, | 22 септември 2023 |
| 27. | Одбележување Европска недела на спорот- бесплатен час по јога | Општина Гевгелија, ЛМС, Europe House Струмица | 30 септември 2023 г. |
| 28. | Прашалник за службеник за млади | Општина Гевгелија, РЦОР- Гевгелија, Коалиција СЕГА | 3 октомври 2023 г. |
| 29. | Настан за детектирање еко-проблеми | Општина Гевгелија, АМС, ЛМС, УНИЦЕФ, НВОи | 9 октомври 2023 г. |
| 30. | Инфо-ден за ЕРАЗМУС + Програмата | Општина Гевгелија, ЛМС | 14 октомври 2023 г. |
| 31. | Работилница за млади претприемачи во земјоделскиот сектор преку Проектот IDEAS | Општина Гевгелија, ФЛОРИТ- Гевгелија, Мрежа за рурален развој, Американско земјоделско училиште од Солун, Грција | 12, 13 и 14 октомври 2023 г. |
| 32. | Објавени конкурси за финансиска поддршка на проекти од обласа на културата и спортот за 2024 година | Општина Гевгелија, физички и правни лица | 19 октомври 2023 г. |
| 33. | Регионална конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво | Општина Гевгелија, UNDP MK, UNFPA, UNESCO, UN Women Skopje, UN MK. | 25 и 26 октомври, 2023 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34. | Стипендии за студенти во прва година на Медицински, Електротехнички и Машински факултети за академската 2023/2024 г. | Општина Гевгелија, Совет на Општина Гевгелија, Комисија за образование, култура и спорт, студенти | 2023 – 2024 г. |
| 35. | Извештај за реализација на активности од Националната стратегија за млади | Општина Гевгелија, службеник за млади, Влада на Република Северна Македонија, Агенција за млади и спорт | 17 ноември 2023 г. |
| 36. | Прв форум во заедницата | Општина Гевгелија, службеник за млади, ЛМС, младински организации, УНДП | 22 ноември 2023 г. |
| 37. | Објавен Конкурс за финансиска поддршка на НВО-секторот | Општина Гевгелија, НВО-сектор | 24 ноември 2023 г. |
| 38. | Информативен-едукативен материјал за семејно насилство врз жени- Кампања 16 дена активизам за борба против насилство врз жени | службеник за млади, ЛМС и ЛСМ, КЕМ, координатор за еднакви можности | 27 ноември 2023 г. |
| 39 | Втор форум во заедницата | Општина Гевгелија, службеник за млади, ЛМС, младински организации, УНДП | 4 декември 2022 г. |
| 40. | Апликација на Јавен повик за техничка и менторска поддршка за младинско учество и креирање политики за заштита на животната средина на локално ниво | службеник за млади, ЛМС, Здружение на млади правници | 6 декември 2023 г. |
| 41. | Презентација на Нацрт-проект за поставување смарт клупи во општина Гевгелија, одбран од страна на младите | службеник за млади, ЛМС, ЛСМ, младински организации, Агенција за млади и спорт, УНИЦЕФ | 7 декември 2023 г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 42. | Работилница за изработка на Интегриран план на Општина Гевгелија за локален развој | Општина Гевгелија, службеник за млади, ЛМС, УНДП | 12 декември 2023 г. |
| 43. | Одобрена апликација за техничка и менторска поддршка за младинско учество и креирање политики за заштита на животната средина на локално ниво | службеник за млади, ЛМС, Здружение на млади правници | 18 декември  2023 г. |
| 44. | Новогодишен базар | ЛМС, ЛСМ, младински организации | 20-31 декември 2023 г. |

Подготвил:

**Петар Јанчев,**
службеник за
млади во Општина Гевгелија

градоначалник
на општина Гевгелија,

**Андон Сарамандов**
с.р.